БИЛТЕН Бр. 1

# 42

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# ПРИЛЕП

02.06.2007

# НАМЕСТО ВОВЕДНИК ПОЕТСКА ИНСПИРАЦИЈА НА УМЕТНИЧКИОТ ДИРЕКТОР ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ ЗА ОВОЈ ФЕСТИВАЛ, ЗА ОВАА ПУБЛИКА И ЗА ИДНИНАТА



**НА БРАН ПРЕРОДЕН ВО ЛЕБЕД**
**НЕКА ДОЈДАТ СИТЕ БОЖИЦИ И МУЗИ**
**ОД ФИЛИПИ,**
**ОД СТОБИ,**
**ОД ХЕРАКЛЕА,**
**ОД ЛИХНИДОС . . .**

**ДА ГО КРИЛАТ НАШИОТ ТЕАТАР**
**ВО КОЖУРЕЦ ОД ЗЛАТНИ СТРУНИ**
**ОТИ ЗБОРОТ Е**
**НАЈГОЛЕМАТА ДУХОВНА ГРАДБА**
**ВО НЕЖНИОТ УМ!**

**Петар Темелковски**
**Уметнички директор на Фестивалот**

# СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ

Синоќа, во преполната сала од храмот на културата, прв на љубителите на театарската уметност им се обрати Уметничкиот директор на Фестивалот Петар Темелковски. Тој им посака добредојде на сите гости на Фестивалот: на заменикот министер за култура Слободан Деспотовски, на претседателот на советот на град Скопје Благоја Чоревски, на градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески, на Митрополитот Преспанско - пелагонсики и администратор новозеландски Господин Петар, на епископот Хераклејски Господин Климент.

**- Посебно се радувам, што Прилеп го доби епитетот - град на културата. Значи, со добра нога стапнав.**



**Годинашнава награда за животно дело, Собранието му ја додели на актерот Димче Мешкоски, кој поголемиот дел од својата душа му ја остави на театарот, рече Темелковски.**

**МАРЈАН РИСТЕСКИ**,
***градоначалник на Прилеп***

- Македонската културна престолнина, градот под Марковите кули, градот на културата за 2007, по 42. пат е домаќин на најзначајната тетарска манифестација, која го носи името на основоположникот на македонската тетарска драматургија "Војдан Чернодрински". Прилеп има долга театраска традиција, а со тоа и среќа и задоволство од оваа уметност. Анегдотата поврзана со тетарот , прилепчани со задоволство ја раскажуваат. Во далечната 1947, високи преставници на тогашната власт, дошле со намера да му стават клуч на театарот. Прилепчани ги запрашале: Зошто? Одговорот бил: Немаме пари. Ако нема пари државата , ние ќе најдеме - одговориле граѓаните. Сите дале по една низа тутун и си го задржале театарот.

Фестивалот останува значаен миг во нашата културна самостојност, секоја година сублимирајќи ги достигањата во театарскиот живот. Од година во година се збогатува и има нагорна линија. Овдешните награди се најдобар барометар за вредноста на македонскиот театар.

На Штиците што живот значат, настапувале легендите на македонското актерство: Петре Прличко, Илија Џувалекоски, Ристо Шишков, Димитар Гешоски, Нада Гешоска, Илија Милчин, Дарко Дамески и многу други. Радува фактот што млади кадри го освежуваат тетарскиот репертоар. На театарските сцени доаѓа нов



бран школувани и талентирани актери, режисери, кои на нашиот театар му овозможуваат неопходна свежина, нова енергија и сензибилитет. Македонското театарско творештво е жанровско богато со одлични актери и затоа треба да биде преставувано што почесто надвор од границите, бидејќи имаме што да покажеме. Годинешниов фестивал ќе биде во знакот на домашниот театар, без учество на странски театри. Затоа е време да размислуваме, тој да ги надмине националните рамки и да ја форсираме идејата, Прилеп да стане центар на театарските игри на Балканот. Наредните седум дена ќе ја славиме божицата Талија. Неизмерна е среќата на еден градоначалник да им посака добредојде, на сите што живеат од и за уметноста.

Добредојдовте во градот на тетарот, на љубовта и на уметноста. Цела година Прилеп живее со културата. Секојдневно се случуваат настани кои привлекуваат голем интерес. Продолжете да ги посетувате за да ја оправдаме довербата дадена од Министерството за култура. На актерите им посакувам успешен настап и во деновите на Фестивалот пријатно да се чуствуваат во нашиот град. Сцената му ја препуштам на неговото Височество - актерот".



**ДИМЧЕ МЕШКОСКИ,** ***добитник на Наградата за животно дело***

- Им благодарам на членовите на Собранието на Фестивалот што ми ја доделија оваа награда. Мотив за мојата инспирација, за креативноста и достигнувањата , се моето семејство, оваа драга публика и мојот Драмски театар ,во кој работам четириесет години. Посебно ја потенцирам ,прилепската публика, која благодарејќи им на Фестивалот и на својата традиција, знае што е добра претстава, што е добар актер и знае да наградува.



Заменик министерот за култура Слободан Деспотовски, Фестивалот го прогласи за отворен со зборовите: - Театрот на "Војдан Чернодрински" се викаше "Скрб и утеха". Јас знам дека во наредниве денови Ве очекува: доживување, задоволство, утеха и никако скрб. Министерството за култура ќе се погрижи од идната година да го зголеми буџетот на Фестивалот и тој да стане значаен културен настан во регионот. Фестивалот е отворен . . .

# Г л е д а в м е . . .



Македонски народен театар Скопје
„Ревизор„ - Николај Васиљевиќ Гогољ
Режија: Владимир Милчин
Сценограф: Крсте Џидров
Костими: Марија Пупучевска
Музика: Миодраг Нечак

Играат:

Владо Јовановски, Сашка Димитровска, Камка Тоциновски, Оливер Митковски, Даница Георгиевска, Јордан Симонов, Емил Рубен, Владимир Ендровски, Трајче Георгиев, Магдалена Ризова- Черних, Зоран Љутков, Петар Арсовски, Кирил Коруноски, Васил Шишков, Катина Иванова, Искра Ветерова, Кирил Поп Христов, Александар Шехтански.

## *Одблиску за претставата...*

ВЛАДИМИР МИЛЧИН, режисер:



За среќа на театарот и на литературата, а за несреќа на животот, се покажува дека Гогољ е еден од вечно актуелните автори, а Ревизор - еден од вечно актуелните текстови, на кој може да му приоѓате од разни аспекти, во зависност од тоа како го чуствувате времето, во кое живеете. Гогољ како автор уште долго ќе биде тешко да се одмине во тетарот. И со “Ревизор” и со “Мртви души”. Сепак има уште еден многу значен аспект , а тоа дека кога го работите Ревизор , мора да направите ансамбл. Тоа е голем зафат за секој театар. Оваа претстава ја сакам многу и горд сум на неа. На актерите но и мене како на режисер, ни требаше една ваква претстава. Во Прилеп ја виде голем аудиториум и ако играте на денот на отворањето, тоа создава премиерска атмосфера која преставува дополнителна одговорност за актерите. Мислам дека претставата си ја најде адресата - прилепската публика , која многу интензивно знае да ги следи претставите.

## *Актерите за претставата:*

ЗОРАН ЉУТКОВ, актер:

Знаејќи дека прилепската публика е строга во своите критериуми за театар, апсолутно сме задоволни со она што го прикажавме на фестивалот. Во Скопје можеби публиката досега ни прифаќаше полесно. Овде мислам дека имаше некоја предрасуда во однос на текстот на актуелните случувања. Публиката не реагираше во текот на претставата, но накрај, со аплаузот ја наградиа екипата и јас сум задоволен од тоа. За награда не размислувам. Ми беше задоволство што прв пат доаѓам на фестивалот со голема улога, и со претстава која многу сакам да ја играм.

ВЛАДО ЈОВАНОСКИ, актер:

Вечерашнава претстава помина во еден многу убав ритам, во однос на времетраењето имаше едно гледливо темпо. Не ми е прв пат во Прилеп да гостувам , но вечерва сепак почуствував одредена стегнатост на прилепската публика. Многу не се разликуваме од оние времиња на феудална Русија за кои пишува Гогољ, па затоа можеби и присуството на одредени моќници придонесе за одредена стегнатост на публиката.

САШКА ДИМИТРОВСКА, актерка:
Немавме очекуван фит бек од публиката. Во Скопје сме навикнати повеќе да комуницираме со публиката. Не мислам дека тое е поради траењето на претставата. Јас уживав во секој миг од претставата и се надевам дека публиката за другите претстави ќе се опушти и повеќе ќе ужива. .

## ***Публиката за претставата :***

- "Ревизор", од Николај Васиљевич Гогољ во режија на Владимир Милчин, беше првата претстава, која синоќа ја виде публиката и со која започна официјалниот дел на Фестивалот.

- И покрај тоа што беше подолга отколку што сме навикнале да гледаме, претставата беше одлична. Ми се допадна и како режисерска постановка и како актерска изведба. Прилепската публика нема многу можности да ги види на сцената акетрите од Народниот театар и ваква можност не би требало да се пропушти.

- Очекувам и другите претсави кои ќе имаме можност да ги видиме до крајот на Фестивалот да бидат исто така интересни и вредни за нашето внимание.

- Ако се суди по вечерашнава претстава, мислам дека годинашниов фестивал ќе биде еден од подобрите. Вечерашнава претстава во целост многу ми се допадна.

- Стандардна претстава, не е нешто посебно, но очекувам во другите денови да се подигне нивото на квалитет на фестивалот, и очекувам добри претстави.

- Воодушевена сум, претставата беше прекрасна, можеби првиот дел малку на публиката и прозвучи монотоно, но во вториот дел впечатокот беше извонреден. Добри глумци, добра екипа и доживување за прилепчани. Очекувам дека и претставите од другите тетарски куќи ќе бидат вредни за гледање. Сепак со нетрпение ја очекувам последната претстава.





**На Бранко Ставрев**

Го помнам денот
како сега да é-
млад,
полетен, рече:
Во Прилеп Ви донесов
Струмичка смеа
од сцената по сокаците
нека се лее . . .
Верувајте ќе Ве плени,
ќе Ве земе
како мене, како Урдин
што го зеде.
Рече, така и беше.
Венсоносец на Талија
стана.
Лауерат со гордост што
пред Антон Панов
заклетва зеде
дури и на Шишков завет
му даде
дека небото ќе го споиш
со папочната врвка
со она - Македонија
што се вика.
И остана така:
здушни, сонцето, духот
да ни го грее.



# РАБОТИЛНИЦА:

## ЛУТЕТЕ СЕ -



**- Критиката за Фестивалот може да почне**

## РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

Леле . . . - чудо се случи во Прилеп. Без таламбаси, без труби и тутурки, без лаги или лигушења, без парталав раскош и тупурдии започна Четириесет и вториот фесативал "Војдан Чернодрински".

Леле . . . - што беше ова чудо невидено во Прилепоф: фестивал без раскошен огномет.

Без дум корун дум . . .

Дум . . .

Трошете им го лебецот на народецот. Дум . . .

Дум . . . пушти глас уметничкиот директор Петар Темелокоски дум, и тоа на сцената. Тука нека експлодира убоста, силата на духот, на творештвото, актерството, силата на режијата и играта . . .

И кврц, за забица ги зафати парадерите. Киселини ги искинаа позерите. Не видоа сеир сеирџиите. Си остана во мир публиката да си ги следи претставите и да се восхитува на мајсторските игри на мајсторите.

*

Организаторите на театарскиот фестивал на "Војдан Чернодрински" годинава можат да здивнат. Се случи фестивал за народни песни и инструменти "Пеце Атанасоски" од Долнени годинава да ја скине лентата и сам за себе и за другите на гајда да си ја исвири химната "Четириесет и една илјада маченици", осудени да трчаат по организации претпријатија, фирми, фирмички, министри и министерства за да обезбедат средства за покривање на трошоците. Како за нив така и за сите важи да се обратат на Имејлот: Маченици,точка,ком,тире, парталковци. Мајмунчето остана изгубено во преводот.

# КОПРИВАРНИК



# И ТОА Е ЗДРАВО

## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

- Никој не им е крив на пратениците во Собранието на Р.Македонија: си избраа режисер за Претседател и пак си остаа прости. Меѓу себе се нарекуваат актери, а не се ни почетници.

* * *

- Двеилјади и петстотини години го умираат театарот, му се закануваат со филмови, телевизии, евровизии и интернети, а тој си живее како бубрег во лој зошто зборува за народот, со народот, а народот зборува со него - театарот.

* * *

Кога видоја глумците колу земаат политичарите на први, зедоја и пропејаа.

* * *

- На божицата Талија и се смачи од нашите трагедии, таа и натаму реши да си остане божица на комедијата.

* * *

- Ти уби го актерот велејќи му дека не é актер. Тој е и си останува актер.

### *Мисла на Билтенот*

И стариот актер би и ги покажал забите на критиката - но ете вилиците не му се при рака . . .

## ШПИЦ - БЛИЦ

Деновиве до “Билтенот” стигна вест дека Владата е во оклада со неверниците во истражувачките можности на археологот Пацко Кузман. Владата тврди дека опозицијата не знае колку театри има во Македонија, колку се живи, а колку антички. Во нејзино име “Билтенот” со крушевско пиво ќе ги чести сите опоненти кои ќе се јават со одговор, дали е точно дека во Македонија живеат 11 живи театри, 7 антички и колку од нив се веќе ставени на показ на јавноста. Учесниците своите точни одговори имаат право да ги испраќаат до 30 февруари идната година.



**На Блаже Алексоски**

Те снема,  
не оти се мушна,  
мина покрај штиците  
што живот значат; и пак  
те има . . .  
Гледам:  
и оваа пролет помно, со  
грижа и укост, го сееш  
писмото по духовната  
нива . . .  
Р’кулци пушташ со  
твоите ретки книги,  
пишуваш за Прилеп,  
за овој народ полн со  
мудрост, шега,  
и навики:  
да го намагарчи злото  
и злите  
што пофтиле името и  
минатото да му го земат.  
Ќе речеш со твој јазик:  
што ум струи низ  
нивните празни глави.  
Што табиет е тоа да го  
мочаш.  
Слично на јунаците твои,  
слично на Скубе,  
Колобан, Шлаке, или  
Светикараванче Наумче  
слично на Тртка, слично  
на Дрчка, Сучка и Кучка.  
Чудаците на Прилеп се  
тоа,  
чудаците твои и наши!

ИНТЕРВЈУ - ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ, претседател на Собранието на МТФ и уметнички директор

# ТВОРЕЧКИ ОГНОМЕТ НА ТЕАТАРСКИТЕ СЦЕНИ



**БИЛТЕН:** Девет претстави во конкуренција, една награда за животно дело, едно жири за Официјалната програма, три тематски трибини… Господине Темелковски, Вие сте одговорен за годинашниов лик на фестивалот. Што носи 42. МТФ " Војдан Чернодрински"?

**П. ТЕМЕЛКОВСКИ:** Фестивалот годинава донесе широк спектар содржини. Направив концепт да има класични и современи дела, зедов режисери од речиси сите генерации, почнувајќи од Владимир Милчин кој не е од најстарата генерација, но е од повозрасните режисери, па преку Владо Цветановски, Сашо Миленковски кои веќе "одат" кон средната генерација…потоа, неколку претстави има, буквално што се дипломски работи на режисерите…

Творештвото е плод. Како уметнички директор можев да го изберам најдоброто од понуденото. Затоа не можам Фестивалот да го направам ниту подобар ниту полош. Можам само да сакам да биде добар Фестивал. Се надевам дека од изборот што го направив, публиката ќе биде задоволна. Особено зашто ги "судрив" искуството и зрелоста со полетот, талентот и младоста.

**Б:** Фестивалот годинава ќе отвори три теми за разговор. Ново е што има само едно жири за официјалната фестивалска програма. Ова за да се избегне паралелизам или…

**П.Т:** Фестивалот во Прилеп стана традиција, пред се би рекол поради прилепчани кои го сакаат многу. Воведов новина: Фестивалот ќе биде Македонски театарски фестивал како што му е и насловот. Тој се претвори ту во меѓународен, ту интернационален, па во последните години се создадоа два фестивали. Покрај за официјалната програма, имаше и жири за придружните манифестации. И се доделуваа посебни награди. Но, МТФ е фестивал еден, национален, на граѓаните на Македонија од чии пари се финансира преку Министерството за култура и преку локалната самоуправа на Прилеп, од спонзорите. За тие средства ќе им дадеме признание на нашите творци. Во Македонија има меѓународни фестивали: МОТ, " Ристо Шишков" во Струмица, Денови на комедијата во Куманово, Студентскиот фестивал "Скомрахи".

Воведов три теми за дискусија. На првата, на која ќе се говори за проектирањето и програмирањето на театарски проекти, модератор ќе биде режисерот и диретор на МНТ Сашо Миленковски, драмскиот писател Венко Андоновски ќе ја води темата: Домашен драмски текст, криза на институцијата или на авторот. Ги поканивме студентите по драматургија и драмските автори да разменат мислења, но и да дојдат до сознание зошто драмскиот текст е во криза во Македонија. Оваа година малку имаме домашни автори. "Македонски рулет" е филмско сценарио, преточено во драмски текст, а автентичен домашен драмски текст е само " Лавиринтите на сеќавањето" од Авни Халими на албанскиот театар. Сите други претстави се на странски текст. Затоа, темата за домашниот драмски текст сметам дека ќе биде плодотворна. Треба да се поттикнат младите драмски писатели. Дали со конкурси или со некоја друга стимулација, мора да се размисли. Македонскиот театар е обдарен со драмски писатели: од Еврипид па се до денешни дни.

Третата тема ќе биде за новиот македонски театар која ќе ја води режисерот Златко Славенски.

**Б:** *Дали зададените теми ќе понудат решенија за актуелните и акутни проблеми во македонскиот театар?*

**П.Т:** *Фестивалот е свилено бубе. Тој не е кожурец. Тоа треба да биде општеството, градот. Тие треба да го извадат бубето надвор. Да биде убаво. Фестивалот само ќе ги отвори темите, ќе ги облагороди, ќе ги предложи и ќе ги збогатува. Општеството, се надевам, ќе ги поддржи нашите сознанија и заедно ќе го носиме бубето до целта.*

**Б:** Имаме ли, или допрва ќе се создава нов македонски театар?
**П.Т:** Мислам дека веќе имаме, само не е систематизиран и не е обзнанет. А почетоците веќе се прават. Златко Славенски прави во МНТ една ултрасовремена и спектакуларна претстава - "Соларис"која ќе биде на Охридско лето. Сметам дека Славенски со таа претстава ќе го одбележи почетокот на новиот македонски театар. Ги знам концептот на претставата и инспирацијата. И затоа го поканив да ја води таа тема.
**Б:** Нема претстави по покана од странство. Не значи ли тоа дека се затвора Фестивалот, без можност барем да направи паралели во татарската уметност кај нас и околу нас ?!
**П.Т:** Не, далеку од тоа. Имам една идеја за која беше доцна да ја спроведам годинава. За неа консултирав многу колеги. Сакам со сите соседни и со земјите од балканското опкружување да направам договори. Конкретно со директорите на нивните фестивали. Имам намера секоја година, нашата победничка претстава да го отвори нивниот фестивал, а нивната победничка претстава да го отвори нашиот МТФ. Значи, ние во седум години ќе појдеме во седум места, а во тие години од повеќе земји ќе ни дојдат на гости. Ќе ги прошириме пријателството и сознанијата, ќе ги споделиме проблемите. Догодина ќе го направам овој концепт. Така Фестивалот ем ќе си ја задржи својата национална физиономија, ем нема да го затвориме. Годинава имаме покането неколку театролози од Бугарија и од Црна Гора. Тие ќе го следат Фестивалот и ќе разменат мислења и идеи со нашите театролози. Секоја година ќе имаме гости - од различни земји.
**Б:** Дадовте до знаење дека нема да се донесат претстави кои не може да се играат на прилепските сцени. Дали станува збор за ограничувања или допрва ќе се создаваат овде алтернативни сцени?



**П.Т:** Фестивалот се одржува во Прилеп. Тоа не е ограничување, туку е логика на нештата.
Прилеп има две сцени, третата е камерна, тука е и летната сцена. Има манастири, простори каде може да се одигра претстава. Значи, претстава што технички не може да се одигра на сцените во Прилеп, не е логично да доаѓа на овој фестивал. Нека биде на други фестивали. Освен тоа, Домот на културата има раскошна сцена, каде може да се игра. Мислам дека досега, со мали исклучоци, претстави што се играле надвор одавде, можеле да се одиграат во Прилеп. Во прашање биле каприци. Не го земам за зло тоа. Можеби некој сакал да си направи повеќе пропаганда. Глупаво е според мене, една прекрасна публика која со години љубоморно го чува Фестивалот како вљубеник во театарската уметност да ја оставиме во една скриена тага. А жирито да оди во Скопје. Тогаш, зошто правиме фестивал? Ако е така, може да го земеме жириот, да се прошета со мене низ Македонија, и некаде да доделиме награди. Фестивалот е за да му се оддолжиме на градот. Сета семантика да ја пренесеме во Прилеп. Инаку, публиката сме ја дискриминирале.
**Б:** Вие сте претседател на Собранието на фестивалот и уметнички директор. Тоа е од економски причини или…
**П.Т:** Функциите се соединети во една. Тоа беше идеја на претходниот претседател Кирил Ристоски. Ние ја прифативме и ја сметаме за добра. Не толку од економски, колку од практични причини. Еден човек може. Само треба повеќе да поработи.
**Б:** *Што ќе им кажете на публиката и на уметниците?*
**П.Т:** *Кога ќе влезат во театарот, да си ги исклучат мобилните телефони и да уживаат. Да се радуваат. Ќе приредиме творечки огномет на сцените. Тој треба да се види.*

До оценувачката комисија на 42 МТФ “Војдан Чернодрински”, пристигнаа известувања од претседателот на парламентот Љубиша Георгиевски, уметничкиот директор на Фестивалот Петар Темелковски и претседателот на извршниот одбор на Фестивалот Синко Велинов, со кои се информира жирито дека бараат да бидат изземени од оценувањето на претставата “Македонски рулет” и доделувањето на наградите, како учесници во самата претстава.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

До: Собранието на
Македонскиот театарски фестивал
"Војдан Чернодрински"- Прилеп

Почитувани,

Со оглед на мојата функција и со оглед на бројните награди што сум ги добил на театарскиот фестивал "Војдан Чернодрински", а во полза на стимулирање на младите таленти кои што, за моја гордост во голем дел се мои ученици, Ве молам да го информирате жирито на овогодинешните игри, да не ме зема ниту мене ниту моето дело предвид за награда.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
Љубиша Георгиевски

## Промоција на “ДОЛНА ЗЕМЈА”

Утре напладне ќе биде посетена камената куќа на Црна Река во чест на творештвото на Благоја Ристески Платнар. Имено, по овој повод, издавачката куќа “Врв” при месечниот магазинот “Деница” го издаде незавршениот роман на Платнар - Долна земја. За текстот ќе говори професор доктор Ферид Мухиќ.

Тргнувањето ќе биде во недела во 11:00 часот од пред Домот на културата “Марко Цепенков”.

## БИФЕ

Домот на културата собра сили, а богами и храброст и си зададе многу важна задача. Да го реновира и да го разубави БИФЕ - то кое, ќе се согласите игра една од позначајните улоги во фестивалското секојдневие. Море витражи, слики, шанк и сите потребштини што треба да ги има едно реномирано БИФЕ од рангот на придружен дел на една национална манифестација. Се си има бифето.

Од нас едно БРАВО. Доволно е. Оти друго жири освен официјалното нема да го оценува. Петките Ќе си ги добие од гостите. Ним пак, како што доаѓаат првите одгласи, мислата полесно им тече. НА ЗДРАВЈЕ..



**Трибина:** "Проектирање, планирање и менаџирање на театарскиот проект"
модератор: Сашо Миленковски, режисер и директор на МНТ

# НЕМА МЕНАЏМЕНТ БЕЗ ЗАКОНСКА ПОДДРШКА

- Фестивалот е вистинското место да постигнеме менаџрски консензус за неколку суштински прашања кои се врзани со проектирање, планирање и менаџирање на театарскиот проект. Не би сакал да ја претвориме средбата во "прикаска" за немање пари , туку и со тие малку пари да видиме како може да се изменаџира на некој прецизен начин кој ќе одговара за развојот на тетарската уметност.

Со појава на Ристе Стефановски во театарското менаџирање веќе се воспоставија некави стандарди и ние помладите директори многу научија од него. Делот на менаџирањето во вистинската смисла на зборот е заслуга на Ристе Стефановски.

Сашо Миленковски говореше за примерот на МНТ. Програмата на МНТ ја правеле околу 60 луѓе по теркот на западно европски проекти. Појдовната точка се критериумите.

- Основата на театарската дејност е производство на културна вредност што ја викаме театарска претстава. Критериумите ги поделивме на неколку целини. Основата на драмската претстава е театарската пред-лошка и по ова пра-шање имаме консен-зус. Без национална драматрургија нема театар. Клучот на секоја театарска куќа е да промовира дела кои потекну-ваат од автори од Македонија. Драмскиот автор треба да се врати на нашите сцени. Луѓе-то плаќаат влезница за да им кажеме кои се што сме и што ги чека утре. Суштин-ски и прв критериум е национална драма-тургија на ниво на драмска предлошка. Промовирањето на театарската режија е аспект кој што е суштински за македонскиот театар. Без режисер и без современа слика за светот ништо не бидува. Режисерот е гарант за претставата и тоа е вториот критериум за вреднување на претставата. Актерското битие е центарот на театарскиот дух. Кастингот - поделбата е суштинска. Театарското дело содржи уште елементи. Театрите малку работат на развој на естестко визуелното егзистирање на театарското дело. Изборот на сценографијата и костимографијата е четвртиот суштински елемент. Изборот на музиката е исто така важен сегмент - истакна Сашо Миленковски на трибината.



Модераторот се осврна на недостатоците на законите во македонски рамки а кои ги фрустрираат менаџерите и не можат да функционираат. Законот за јавни набавки е направен глобално и административно и не ги познавал спецификите на нивната дејност. Законот, за набавка со вредност над три илјади евра предвидува и тендер.

- Законот за јавни набавки е катастрофален. Ние никако како менаџери не сакаме да го ескивираме, ниту да влеземе во зоната на сивото или во зоната на нетранспарентни набавки, но мора да се има предвид дека театарската дејност има комплетно поинаква специфика и динамика - рече Миленковски.



Според него и Законот за работни односи е кочница. Театарските работници треба и да се наградуваат.
- Ако во едната рака имаме камшик во другата треба да имаме и шекерче. Не може само да се казнуваат работниците. Туку законот морада да дава можност за награда - рече Миленковски.
Тетарскиот еснаф треба да се избори за промена на законот за работни односи да може да се наградат вонредните таленти.
Ако еден актер продава претстави не е фер да има 200 евра плата. Потребна е евелуација на досегашниот Закон за работни односи. Колективниот договор ништо суштински не променил. Најголема казна или награда за глумец е ако на претставата дојде едниот со скап џип, а другиот со "фиќо" - рече Миленковски.
Законот за култура, законот за работни односи и колективниот договор треба да приспособат на 21 век и тоа итно, ефикасно и императивно. Тие промени се покренати од театарскиот еснаф.
ЈОРДАН ВИТАНОВ, велешки театар:
За да може да бидат применливи ваквите модели на менаџирање, неопходно е, според мене, пред се, да се дефинираме кој во што спаѓа. Иако е малку надвор од темата, но еден од проблемите, ако не и главен, е што ни измислија некакви кратенки кои личат на јапонски имиња, а ние само по навика се нарекуваме театри. Јас тоа не можам да го прифатам. Ни го одзедоа името ТЕАТРИ, правејќи некакви хибриди, спојувајќи некои згради со креативни институции. Наместо да ги стандардизираме театрите, кадровски, технички, организациони, па да се применат овие модели, ние се обезличуваме. Наместо да имаме препознатливи театри, ние влеговме во светот на некои центри за култура. Мојата заложба е ако може да се редефинира онаа фамозна сегрегација што се направи каде театри со традиција од 50-60 години останаа без своето име. Да ни се врати името: ТЕАТАР. Да бидеме пак посебни институции. Треба да бидеме партнери со државата, а не нејзини заложници. Сега се формира свест дека живееме од нивната милост, а не од нашиот труд. Барам Собранието на фестивалот да го покрене ова прашање. На театрите прво им треба редефинирање па потоа стандардизирање.
ИВАН МИХАЈЛОВ, режисер од Бугарија:
Ме интересира по кој критериум им се делат платите на артистите? Овој проблем го имаме и во Бугарија и не е решен. Платата е иста, без разлика дали е во прашање главна улога или не. Пред сезона си ги земаш парите. Порано во Бугарија се применуваше еден начин за сите да не земаат иста плата. Имаше гарантиран минимум за секој актер. Тоа беа 17 претстави во месецот. Секоја наредна одиграна претстава беше плус: главните улоги беа највисоко бодирани.
РИСТО СТЕФАНОВСКИ, театролог:
Суштински проблем е прашањето на финансирањето и распределбата на парите во театрите. Во нашиот систем театарот е подредена работа. Театарот се третира како социјална институција. Ние сме партнер. Треба да има стратегија и да се знае што сака општеството. Театарот го мачат две работи: инерцијата во системот и ние самите кои претаме како риби на суво. Во театарот глумците да не се категоризираат, туку да се вреднуваат улогите. Медиокритетите го мелат театарот како воденички камења.

### ТЕАТАРОТ ПАРТНЕР НА ДРЖАВАТА

Македонските театри мора да се навикнат да пакуваат проекти, да ги реализираат и накрај да дадат отчет.
Театарот колку и да е сиромашен со креативната енергија на вработените, е партнер на државата и влогот на театарот треба да се евалуира. Театарот е партнер на државата во кој однос театарот со знаењето, паметот, енергијата раѓа квалитет беше речено на трибината.

**_Ќе гледате:_**

**Сабота:**
*Центар за култура “Марко Цепенков” - 19.30 часот*
НТ - Битола
**“Макбетт”** - Ежен Јонеско
Режија: Јон Карамитру

*НТ - “Војдан Чернодрински” - 22.00 часот*
НТ - Велес
**“Проклетството на изгладнетата класа”** Сем Шепард
Режија : Никола Ристов

**Недела :**
*НТ “Војдан Чернодрински” - 19.30 часот*
НТ - Штип
**“Тартиф”** Андреј Розман
Режија: Владо Цветановски

*Центар за култура “Марко Цепенков” - 22.00 часот*
НТ - Битола
**“Состојба на свеста”** Ирвин Велш
Режија: Софија Ристевска

**Понеделник:**
*Сцена 105 - ЦК ”Марко Цепенков” - 12.00 часот*
Тематска трибина
“Домашен драмски текст, криза на институциите или на авторот”

*НТ - “Војдан Чернодрински” - 19.30 часот*
НТ - Куманово
**“Обиди”** од Мартин Кримп
Режија: Роберт Симоновски

*Центар за култура “Марко Цепенков” - 22.00 часот*
Турски театар - Скопје
**“Зад кулиси”** Мајкл Фреин
Режија: Драгана Милошевски - Попова

*НТ - “Војдан Чернодрински” - 24.00 часот*
Испитна претстава на студентите по актерска игра- 4 година
Класа на професорите Владо Цветановски и Мими Таневска

Билтен на 42 МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
За издавачот: Петар Темелкоски
Уредува - Редакција: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Златка Пурковиќ
Фотографии: Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: „ТИРЕКС” - Прилеп

Македонски театарски фестивал
**„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Дом на културата „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

# *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

## 42 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

***Покровители:***
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Бранко Ѓорчев - Драмски театар,
Горан Илиќ - НТ Куманово,
Драган Маџиров - НТ Струмица,
Јордан Витанов - НТ Велес,
Кирил Ристоски - ФДУ,
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади
Наџи Шабан - Турски театар Скопје
Осман Ахмети - Албански театар Скопје
Сашо Огненовски - НТ Битола
Сенко Велинов - МНТ
Тони Чатлески - НТ Прилеп
Трајче Кацаров - НТ Штип

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Бранко Ѓорчев - член
Горан Илиќ - член
Осман Ахмети - член
Сашо Огненовски - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Блаже Миневски - драмски писател,
Бранко Ставрев - режисер,
Елхаме Биљали - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски